**Република Северна Македонија**
**Влада на Република Северна Македонија**
**Центар за Управување со кризи**

**Предмет: ИНФОРМАЦИЈА за состојбите и настаните во Република Северна Македонија за перидот од 08:30 часот На ден 15.08.2019 г. до 08:30 часот на ден 16.08.2019 г.**

Дел. Бр. 14-10/227
16.08.2019 година

Центар за управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. (02) 3249 101
Факс. (02) 3249 213
Сајт: www.cuk.gov.mk

**Информацијата е изработена според добиените писмени информации од Регионалните центри за управување со кризи, како и информациите од други субјекти кои учествуваат во системот за управување со кризи, во кои се наведуваат состојбите во областите за кои се надлежни.**

**За наведениот период ЦУК ги презентира следните обработени и селектирани информации:**

## 1. ЕЛЕМЕНТАРНИ И ДРУГИ НЕПОГОДИ

### *1.1. Активни пожари*

**РЦУК – Охрид,** известува дека пожарот во **м.в.Краста - Бигори** западно од **с.Велмеј** е ставен под контрола. Во гаснењето на пожарот учествуваат 54 вработени од **ШС „Галичица“, ТППЕ Охрид** со 2 ПП возила и 7 пожарникари и 10 вработени од „**Ниско Градба“ Охрид**.

### *1.2. Останати пожари*

**РЦУК – Скопје,** известува дека **БППЗ на град Скопје** во периодот од 11:40 до 13:20 часот е интервенирано за гаснење запалена куќа во **с.Моране**. Интервенирано е со 2 ПП возила и 5 пожарникари (опш.Студеничани); Во периодот од 16:55 до 19:00 часот е интервенирано за гаснење запалена мешана шума и сува трева на локација кај **Д. Свиларе** на површина од околу 30.000 м$^2$ Интервенирано е со 2 ПП возила и 5 пожарникари (опш.Сарај); Во време од 02:50 до 03:30 часот на паркингот кај **спортска сала Борис Трајковски** со 11 пожарникари и 3 ПП возила, гаснеле 2 запалени патнички автомобили (опш.Карпош).

Имале и 4 помали интервенции поради запалена сува трева, контејнери и депонија во градот и околината.

**РЦУК – Битола,** известува дека пожарот во атарот на **с.Јакреново** е локализиран и изгаснат вчера во утринските часови.

**ТППЕ Прилеп,** од 12:40 до 14:00 часот, со 5 пожарникари и 2 ПП возила, гаснеле запалена куќа на **ул.Мљаркови Кули бр.3** во **Прилеп.** Исто така имале и една помала интервенција поради запалена сува трева кај **с.Славеј.**

**РЦУК – Струмица,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Гевгелија,** во која се наведува дека во периодот од 20:00 часот на ден 14.08.2019 година до 07:00 часот на ден 15.08.2019 година е

интервенирано за запалена нискостеблеста мешана шума на површина од околу 10 Ха, помеѓу **селата Гавото и Грчиште - м.в.Ѓуров Дол**. Интервенирано е со 1 ПП возило и 3 пожарникари како и 7 вработени од **ШС „Кожуф“ Гевгелија**.

**ТППЕ Струмица** имала една помала интервенција поради запалена сува трева во атарот на **с.Габрово.**

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Кичево,** во која се наведува дека имале една помала интервенција на запалена депонија во **с.Бачинци**.

**РЦУК – Штип,** известува дека **ТППЕ Берово** со 4 пожарникари и 2 ПП возила и **ТППЕ Делчево** со 2 пожарникари и 1 ПП возило од 18:50 до 22:30 часот, гаснеле запалена куќа во **с.Црник**.

**ТППЕ Кочани** имала една помала интервенција поради запалена сува трска во атарот на **с.Уљарци.**

**РЦУК – Велес,** ја пренесува информацијата од **ТППЕ Велес,** во која се наведува дека на ден **14.08.2019 година** имале една помала интервенција во **Порцеланка Велес**.

**ТППЕ Кавадарци** од 19:00 часот на ден **14.08.2019 година** до 01:30 часот на ден **15.08.2019 година** со 7 пожарникари и 2 теренски возила гаснеле запалена борова шума кај **м.в.Љубаш**. Во гаснењето на пожарот учествувале и **МШ „БОР“ Кавадарци** со 1 цистерна,1 џип со пумпа и 7 вработени како и **ДЗС Кавадарци** со 1 теренско возило со пумпа и 2 вработени.

Имале и една помала интервенција поради запалена плинска боца во **с.Ваташа.**

**ТППЕ Свети Николе** имала една помала интервенција поради запалена сува трева во градот.

## 2. ТЕХНИЧКО – ТЕХНОЛОШКИ КАТАСТРОФИ

### *2.1. Радиолошка, хемиска или биолошка контаминација и загадување на воздухот, водотеците и човековата околина*

Од **Министерството за животна средина** добиено е известување во кое се наведува дека **Надминувања на среднодневната гранична вредност за PM10 [50 μg/m$^3$]** на ден **14.08.2019 година** бележат на мерните места:

| АМС / Датум | Центар [μg/m$^3$] | Ректорат [μg/m$^3$] |
|---|---|---|
| **14.08.2019** | 79.39 | 60.66 |

## 3. НАРУШУВАЊЕ НА РЕДОВНИТЕ СОСТОЈБИ ВО КОМУНАЛНАТА СФЕРА, СООБРАЌАЈОТ И ПРИ ПРОБЛЕМИ ВО СНАБДУВАЊЕТО СО ЖИВОТНИ НАМИРНИЦИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА

### *3.1. Водоснабдување*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод и канализација** во која се наведува дека заради дефект на водоводна цевка со пречник 80 мм на **ул.Антонио Грубишиќ бр.10**, без водоснабдување од 09:00 до 13:00 часот останале корисниците од истата улица (опш.Центар); Заради реконструкција на водоводна мрежа Ф – 80 мм на **ул.Ефтим Спространов бр.16** во **нас.11-ти Октомври**, без водоснабдување останале корисниците од **нас.11-ти Октомври** од 11:00 до 13:00 часот (опш.Кисела Вода); Заради водоводен приклучок Ф – 100 мм на **ул.Бранислав Нушиќ бр.11**, прекинато водоснабдување имале корисниците од наведената улица од 11:45 до 13:00 часот (опш.Карпош); Заради дефект на водоводна цевка Ф – 100 мм на ул.Бранислав Нушиќ бр.11 во населба „Карпош“, прекинато водоснабдување ќе имаат корисниците од **улиците Бранислав Нушиќ, Шекспирова** и дел од **Бул.8-ми Септември** од 16:30 часот до санирање на дефектот (опш.Карпош).

**РЦУК – Битола,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Водовод и канализација – Прилеп,** во која се наведува дека поради интервенирање на дефекти на водоводната мрежа, од 08:00 до 14:00 часот, без вода биле корисниците од **улиците Оревоечка, Копаоник** и **Октомвриска.**

**РЦУК – Куманово,** ја пренесува информацијата од **ЈП Водовод и канализација – Куманово** во која се наведува дека во текот на денот интервенирале на дефект на **улиците** Трст бр.53, Борис Кидрич бр.55, Есперанто, Вук Караџиќ бр.43, Егејска Македонија, ул.43, нас.Карпош и **Бајрам Шабани** и истите се санирани.

**РЦУК – Охрид,** ја пренесува информацијата од **ЈКП Стандард – Дебар,** во која се наведува дека од 13:00 до 16:00 часот има рестрикција во водоснабдувањето.

**ЈП „Комуналец“ Македонски Брод** интервенирале за отстранување на дефект на водоводната мрежа во **селата Локвица** и **Вир**.

### *3.2. Електроснабдување*

**ЕВН Македонија известува дека поради планирани зафати на електро дистрибутивната мрежа на ден 18.08.2019 година без електрична енергија ќе останат:**

- **Од 05:00 до 10:00 часот, корисниците од цела опш.Ресен и сите населени места во Преспа (опш.Ресен).**

**На ден 19.08.2019 година без електрична енергија ќе останат:**

- **Од 09:00 до 13:30 часот, корисниците од дел од улиците Мара Угринова и Гоце Делчев (позади пожарен дом) (опш.Гостивар);**
- **Од 09:00 до 15:00 часот, корисниците од с.Батинци (опш.Студеничани - Скопје);**
- **Од 09:30 до 14:30 часот, корисниците од дел од с.Смојмирово и бензинска станица Окта (опш.Берово);**
- **Од 08:00 до 09:00 часот, корисниците од ул.133 бр.18 (опш.Тетово);**
- **Од 09:30 до 16:00 часот, корисниците од мв.Тополи и с.Мало Коњари - викендици (опш.Прилеп);**
- **Од 09:00 до 11:00 часот, корисниците од ул.ЈНА (област кај С. Петрол) (опш.Гостивар).**

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **ЕВН Македонија** во која се наведува дека од 11:00 часот на ден **15.08.2019 година** без електрична енергија од 11:00 часот се корисниците од **селата Брест**, **Малино** и **Танушевци;**

Поради дефект во електро мрежата, без електрична енергија во периодот од 18:45 до 21:00 часот биле корисниците од дел од **Кисела Вода, Драчево, Соње, Припор, Лисиче, Маркова Сушица, Говрлево, Орман** и **Миладиновци.**

### *3.3. Производство на електрична енергија*

**РЦУК – Битола**, ја пренесува информацијата од **РЕК – Битола** во која се наведува дека **ТЕ – 1** работел со снага од 170 MW, **ТЕ – 2** работел со снага од 165 MW и **ТЕ – 3** работел со снага од 165 MW.

**РЦУК – Охрид**, известува дека **ХЕЦ Глобочица** има произведено 278.000 квч електрична енергија.

**РЦУК – Тетово**, ја пренесува информацијата од **ЕЛЕМ ХЕЦ Маврово“** во која се наведува дека **ХЕЦ „Вруток“** произвела 903.250 квч, **ХЕЦ „Равен“** произвела 104.000 квч и **ХЕЦ Врбен** произвела 18.351 квч електрична енергија.

### *3.4. Нарушување на сообраќајот*

Во извештајот добиен од **АМСМ** во **07:00** часот на ден **16.08.2019 година** се наведува дека сообраќајот на државните патишта се одвива по суви коловози.

Вијадукт Трејд известува дека од 14.08.2019 до 17.08.2019 година ќе се изведуваат градежни активности при поставување на индуктивни јамки на автопат А2, наплатна станица Глумово - Скопје, за што ќе се изврши промена на режимот на сообраќај.

Интензитетот на сообраќај на патните правци надвор од градските средини е зголемен. Бележиме зголемена фреквенција на возила на ГП Богородица и ГП Табановце каде времето на чекање за излез од државата е од 30 до 45 минути. На останатите гранични премини, од македонска страна, нема подолги задржувања за влез и излез од државата.

Интензитетот на сообраќај на патните правци надвор од градските средини е зголемен. На граничните премини, од македонска страна, нема подолги задржувања за влез и излез од државата.

Забраните за движење на тешки товарни возила, на државните патишта и на магистралниот пат, Скопје – Охрид – Скопје се на сила до 01.09.2019 година и истата важи за време на викендите во одредени временски интервали.

**АМСМ** известува и дека на неколку места низ државата се изведуваат градежни работи на пат, каде е поставена соодветна сообраќајна сигнализација.

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Македонски железници,** во која се наведува дека поради високите температури, има ограничување на максималната брзина на движење на возовите на **50 км/час.**

## 4. ОСТАНАТИ ИЗВЕСТУВАЊА

### *4.1. Управа за хидрометеоролошки работи – временска прогноза*

Од **УХМР** известуваат дека денес во западните делови ќе има услови за слаб локален дожд, а од сабота следува период на стабилно време со постепен пораст на температурата.

### *4.2. Институт за трасфузиологија*

**РЦУК – Скопје,** ја пренесува информацијата од **Институтот за трансфузиона медицина на Република Македонија** во која се наведува дека на ден **16.08.2019 година** планирани се крводарителни акции со жителите на **Вевчани**, во РЕК Термо **Битола** и кугланата Мусандра во ГТЦ **Скопје.**

### *4.3. Минирања*

**РЦУК – Скопје,** известува дека на локација на „**Каменолом Говрлево**“, на **Цементарница – Усје,** на ден 16**.08.2019 година**, има најава за минирање во период од 11:00 до 15:00 часот што ќе го изврши **фирмата „МАК ДРИЛ“** (опш.Сопиште)

**Оперативен центар на Центарот за управување со кризи на Р.Македонија, телефон 02/3249-211, 02/3249-212; факс: 02/3249-213, 02/3136-226; e-mail: situacionen.centar@cuk.gov.mk**

**Информацијата е изработена врз основа на:** Информација од РЦУК Скопје бр.227 од 15/16.08.2019; Информација од РЦУК Битола бр.16-3/227 од 15.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Струмица бр.16-3/479 од 15.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Охрид бр.16-3/273 од 15.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Велес бр.16-01/227 од 15.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Штип бр.16-3/227 од 15.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Куманово бр.16-3/319 од 15.08.2019 со Податоци за состојба со водите; Информација од РЦУК Тетово бр.17-248 од 15.08.2019; Информација од МЖСПП од 15.08.2019; Најава за планирани прекини од ЕВН од 15.08.2019; Временска прогноза, Дневна хидролошка состојба и Информација од УХМР од 15.08.2019; Известувања од АМСМ од 15/16.08.2019.

**Подготвил:** Томислав Пуреовски
**Прегледал:** Иван Митевски

**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ**
**СО КРИЗИ**
**Оперативен дежурен центар**

**Доставено до:**

1. Претседател на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Претседателот**
2. Влада на Република Северна Македонија
   **Кабинет на Премиерот**
   **Генерален секретар**
3. Министерство за внатрешни работи
   **Кабинет на Министерот**
   **ДОЦ на МВР**
4. Министерство за надворешни работи
   **Кабинет на Министерот**
5. **Агенција за Разузнување**
6. Министерство за одбрана
   **Кабинет на Министерот**
   **ОЦ на ГШ на АРМ**
7. Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
   **Кабинет на Министерот**
   **Агенција за храна и ветеринарство**
   **Управа за хидрометеоролошки работи**
8. Министерство за здравство
   **Кабинет на Министерот**
9. Министерство за животна средина и просторно планирање
   **Кабинет на Министерот**
10. Министерство за транспорт и врски
    **Кабинет на Министерот**
    **Агенција за државни патишта**
11. Министерство за образование
    **Кабинет на Министерот**
12. Дирекција за заштита и спасување
13. ЈП „Македонски шуми“
14. Државен инспекторат за шумарство и ловство

15. ЕВН
16. Црвен крст на РМ
17. АМСМ
18. Мисија на ОБСЕ
19. Амбасада на САД
20. Амбасада на Р.Франција
21. Обединети нации (UNDSS)
22. Светска здравствена организација
23. ПК на Совет на Европа Скопје
24. Македонија Пат
25. Корисници во ЦУК (по посебен список)
26. Архива